Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 16.02.2024

На 15.02.2024 во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода И.Н.(28) и И.Ч.(24), двајцата од Битола. При претрес во домот на И.Н., извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Додека, при претрес во домот на И..Ч., извршен, исто така, со судска наредба, била пронајдена и одземена дробилка со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2024 во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Е.Ј. (39) од Велес. Тој се сомничи дека претходно извршил кражба во домот на Ќ.В.(71) од Велес, при што одзел повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот. Е.Ј. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (15 февруари) околу 12.10 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 19-годишниот И.С. од гостиварско Страјане. Тој се сомничи дека заедно со уште едно лице извршил тешки кражби во куќи во гостиварските села Беловиште и Балиндол. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе следуваат соодветни пријави.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (15 февруари) околу 11.00 часот во тетовско Милетино го привеле 40-годишниот Н.М. од ова село. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и муштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 15.02.2024 во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Л.З.(23) од с.Длапкин Дол, кичевско. Околу 08.10 часот на кружен тек од магистралниот пат А2 и ул.„Борис Кидрич" во Кичево, тој со патничко возило „опел" со охридски регистарски ознаки удрил во полициски службеник кој извршувал службени дејствија, регулација на сообраќајот. Притоа, полицискиот службеник се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Кичево. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кичево. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 155 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за поминување на затворен сигнал - црвено светло, девет санкции за користење мобилен телефон при возење, 17 мерки за управување под дејство на алкохол...

На 15.02.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Бранислав Нушиќ" во Скопје, патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Г.(45) од Скопје удрило во пешакот Ц.Н.(75) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ц.Н. констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Вчера (15 февруари) во 14.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека на кружниот тек на улица „Маршал Тито" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 23-годишниот тетовец А.З. и „фолксваген тигуан" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 34-годишниот тетовец Љ.А.. Во несреќата, возачот Љ.А. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 15.02.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Д. (57) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Хаџи Јанев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.02.2024 во 14.10 часот во Полициската станица Велес, В.Г.(20) од Велес пријавила дека на улица „Стеван Бобев" во Велес била касната од куче скитник.

На 15.02.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Велес, Д.Ѓ.(23) од Велес пријавил дека на улица „Никола Карев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 15.02.2024 во 22.00 часот во с.Октиси, струшко, полициски службеници од Полициското одделение Велешта го привеле Н.Р.(39) од с.Октиси затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Единицата за сериозен криминал и кривични дела против културното наследство при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против С.Ф.(51) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 01.02.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории на пријавениот, каде престојувал неговиот син, при што биле пронајдени две автоматски пушки, рамки за автоматски пушки, 230 куршуми за полуавтоматски пушки и 20 куршуми за ловечки пушки.

На 15.02.2024 во 13.35 часот во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода П.Ш.(66) од Струга затоа што претходно во Одделението за управни работи во Струга физички нападнал вработен во Одделението за управни работи. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 15.02.2024 во 18.25 часот на ул.„Железничка" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги привеле И.Б.(33) и Н.К.(30), двајцата од Охрид, затоа што кај нив биле пронајдени одземени два ножа. Против нив ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 16.02.2024 во 04.45 часот во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода Б.С.(37) од Струга, постапувајќи по претходна пријава дека на Хируршкото одделение во болницата во Струга агресивно се однесувал и попречувал вработен при извршување службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 13.02.2024 во СВР Скопје, М.А.(22) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека околу 00.10 часот на место викано „Копач" физички бил нападнат од Б.Ц.(20) од с.Студеничани и А.А.(20) од с.Ѓумалево, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.02.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница кај с.Маркова Сушица, скопско, по претходни недоразбирања, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Ј.(58) и В.Б.(49), двајцата од с.Добри Дол, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.02.2024 во 19.44 часот во СВР Скопје, 60 – годишна жена од Скопје пријавила дека во домот на подрачје на Кисела Вода, нејзината 27-годишна ќерка физички била нападната од сопругот Д.Ј.(30) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.02.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јордан Мијалков" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.С.(57) од Тетово и возило „шкода", сопственост на МВР. Во незгодата со телесни повреди се здобил полицискиот службеник, кој го управувал возилото „шкода", констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 15.02.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека Н.У. (33) од Бангладеш се оддалечил од домот каде привремено престојувал во Струга. Според пријавеното, тој не се појавил и на работното место на автопатот во изградба Охрид – Кичево, каде што извршувал градежни работи за градежна фирма од Струга, а со себе ги зел и личните документи. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (16.02.2024) во 10.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, М.Л.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Павле Илиќ" во Скопје била касната од куче скитник.

Денеска (16.02.2024) во 10.00 часот во Полициската станица Карпош, Ж.С.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.02.2024 во 09.30 часот во СВР Тетово, З.Д.(43) од Скопје пријавил дека на улица „Кеј Вардар" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.А.(25) и Л.Д.(21), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 06.02.2024, пријавените со закана со пиштол влегле во домот каде престојувале Ј.Р. и Т.Л. од Република Украина и одзеле пари, чанта и два мобилни телефони.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М. (32) од Скопје, И.Д. (34) и Ј.С.(33), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.11.2023 во с.Желино, тетовско, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Г.В.(45) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во периодот од февруари до декември 2020 година, Г.В., во својство на директор на основно училиште во Лозово, без да спроведе постапка за јавна набавка, дозволил да се извршат плаќања за превозни и такси услуги за вработените во училиштето во вредност од 153.562 денари, а за извршените плаќања не доставил извештаи за која цел било патувањето и дали биле за потребите на училиштето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Ѓ.(36) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и муштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При извршен преглед кај пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана и дробилка.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.М.(29) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и муштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 22.03.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што биле пронајдени марихуана и дигитална вага.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против Д.Д.(47) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 08.02.2024 на регионален пат РП 1303, пријавениот управувал товарно возило со минерални суровини, сопственост на друго лице, без да поседува соодветна лиценца.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет